**20110511391**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за Владата на Република Македонија, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 април 2011 година.

Бр. 07- 2059/1
12 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008 и 10/10), во членот 23 ставовите (2) и (3) се бришат.

Во ставот (4) кој станува став (2) зборовите: „ ставовите (1) и (2)" се заменува со зборовите: „ставот (1)".

Член 2

Започнатите постапки и постапките кои ќе се поведат пред комисиите на Владата на Република Македонија за решавање во управна постапка во втор степен за одделни управни работи до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат согласно со законите кои важеле до денот на започнувањето на примената на овој закон.

Член 3

Законите со кои е утврдено правото на жалба пред комисиите на Владата на Република Македонија за решавање во управна постапка во втор степен за одделни управни работи ќе се усогласат со одредбите на овој закон до денот на започнувањето со примената на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 1 септември 2011 година.